Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Се известуваат кандидатите кои се пријавиле за полагање на испитот за извршители во јунската испитна сесија, дека писмениот дел од испитот ќе се одржи на ден 16 јуни 2021 година (среда), со почеток во 8 часот во големата конференциска сала (приземје) во Министерството за правда.**

**Воедно, ве известуваме дека усниот дел од испитот ќе се одржи истиот ден 16 јуни 2021 година (среда), со почеток во 13 часот, во големата конференциска сала (приземје) во Министерството за правда.**

Сите кандидати кои ќе дојдат да го полагаат писмениот дел од испитот, треба да носат заштитна маска и документ за идентификација (важечка лична карта или пасош). Кандидатите треба да дојдат 15 минути порано пред почетокот на полагање на испитот, заради целосно спроведување на пропишаните мерки и протоколи за заштита. Министерството за правда ќе ги преземе сите потребни активности за обезбедување на соодветни услови за одржување на испитот.

Резултатите од писмениот, елиминаторниот дел ќе бидат објавени истиот ден, со што кандидатите коишто го положиле овој дел од испитот, пристапуваат кон полагање на усниот дел од испитот.

Ви посакуваме успех на денот на полагањето.

Со почит,

Министерство за правда


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification